Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
Примено: 20.08.2021
Орг. един. 01 | Број: 05 3335/1 | Прилог: | Вредност:

REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-600/6
20.08. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 14 седница одржана на 31.03.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Јавно здравство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Јавно здравство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со стручни назив: Доктор на науки по јавно здравство /во меѓународен промет стручни назив: PhD in public health .

4. Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство
Научно – истражувачко поле: 308 Јавно здравство и здраствне а заштита
Научно – истражувачка област: 30800 Епидемиологија, 30803 Здравствена статистика и информатика, 30804 Организација на здравствена служба, 30807 Медицина на трудот
30707 Друго

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Розалинда Исјановска 2. Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска 3. Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска 4. Виш.науч.сор. д-р Ирина Павловска 5. Проф. д-р Моме Спасовски 6. Проф. д-р Фимка Тозија 7. Проф. д-р Елена Ќосевска 8. Проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска 9. Проф. д-р Јордан Минов 10. Проф. д-р Драган Ѓорѓев 11. Проф. д-р Михаил Кочубовски 12. Проф. д-р Гордана Ристовска 13. Проф. д-р Игор Спироски.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

# О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 0905 - 478/4 од 05.02.2021 година од страна на Универзитетски сенат, за усвојување на студиската програма „Јавно здравство“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 500/1 од 08.02.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 500/3 од 16.04.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 14-та седница одржана на 31.03.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски